Република Северна Македонија

**Министерство за правда**



Архивски бр. 08-3173/1
датум 20-12-2024

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР

Министерот за правда со решение бр. 08-2510/1 од 30.09.2024 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ" бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2024 година.
**Комисијата за надзор на ден 01.11.2024 година во 10:30 часот**, согласно Планот за надзор бр. 08-1158/3 го започна надзорот во **Апелационен суд Гостивар** за контролниот период **од 2020 до 2024 година**, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2019 година до 2024 година.

Комисијата изврши увид во судот во присуство на претседателот на судот Беким Мемеди и раководител на оддел за судска пракса назначен за вд судски администратор Седула Мемеди и службено лице одговорно за односи со јавност.

Апелациониот суд Гостивар е сместен во зграда во која се сместени Основниот суд Гостивар, Основното и Вишото јавно обвинителство Гостивар и Државното правобранителство Гостивар.
Во судот нема лифт и согласно тоа пристапот до судот е целосно отежнат за лицата со попреченост.

**ПРЕПОРАКА:**
Да се обезбедат посебни згради за Апелациониот суд Гостивар, двете обвинителства и државното правобранителство. Судскиот буџетски совет да подготви анализа за потребните средства и да поднесе соодветно барање до Министерството за финансии, Министерството за правда и Владата на Република Северна Македонија. Доколку не се обезбедат средства за нова зграда, Владата на Република Северна Македонија согласно закон, со Одлука да овозможи користење на недвижен имот зграда во сопственост на Република Северна Македонија за


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Апелациониот суд Гостивар. Иста постапка да иницира Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и Државниот правобранител на Република Северна Македонија за одвоено просторно сместување на наведените државни органи.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

### 1. Програма за работа

Редовно се донесува секоја година и се објавува на веб страната на судот. Увид во СУ.бр 04-80/23 од 29.12.2023 година.

### 2. Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)

Во судот се избрани 14 судии, од кои 1 е член на Судски совет, со што пополнетоста на судот е на задоволително ниво. Во меѓувреме се очекува избор на уште двајца судии. Во судот има 3 оддели, граѓански, кривичен и оддел за судска пракса.

### 3. Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)

Се донесуваат годишни распореди редовно, извршен увид во следните акти:
СУ.БР. 430-2 /2019 од 26.12.2019 година
СУ.бр.343/20 од 31.12.2020 година
СУ.бр.04-16/21 од 29.12.2021 година
СУ.бр/04-58-сл/22 од 20.10.2023 година
СУ.бр/04-79/23 од 28.12.2023 година

### 4. План за годишен одмор на судиите (115 СД)

Во посебен записник се заведува под СУ, увид во план заведен под Су 258-1/24, а за секој судија посебно се изготвува решение за одмор заведен под СУ број.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

5. **Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Формирано е одделение за информатика како посебна организациона единица. Во судот е вработена една информатичарка која е раководител на одделение.

6. **Формиран е оддел за судска практика во судот.**
7. **Формирана е канцеларија за односи со јавноста (101 СД)**
8. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Судски администратор во судот нема откако претходниот заминал во пензија во септември 2020 година. Има вд судски администратор, но во судот не е добиена согласност за вработување на судски администратор.
Во судот се пополнети само 38 од 134 работни места по систематизација, односно околу 28%.

ЗАБЕЛЕШКА И ПРЕПОРАКА:
ВД судскиот администратор навистина уредно и прегледно ја води целата документација во судот за сите процеси во негова надлежност, и претставува пример за посветена работа.

ПРЕПОРАКА ЗА СУДСКИ АДМИНИСТРАТОРИ
Судскиот буџетски совет и Министерството за финансии да овозможат средства за вработување на судски администратори во судовите каде не се пополнети местата или биле испразнети. Во судовите раководни судски службеници извршуваат работни задачи и за судски администратор, за што не се дополнително платени. Судскиот администратор во судовите со проширена надлежност, апелационите и управните судови, и Врховниот суд се од големо значење за организирање на работата на службата и навремено извршување на работите во судот.

ПРЕПОРАКИ ЗА ОВОЗМОЖУВАЊЕ НА ЦЕЛОСНА ФУНКЦИОНАЛНОСТ НА СУДОТ
Судскиот совет и Судскиот буџетски совет да извршат соодветни барања до Министерството за финансии да се овозможи вработување на минимален капацитет во судовите (минимална пополнетост од 75% од систематизација) под кои не може судот да опстои за навремено постапување по предметите. Министерството за финансии задолжително да овозможи минимална пополнетост со судски службеници од 75% во судовите, во спротивно одговорноста за

ненавремено испорачување на правдата да ја сноси Владата на Република Северна Македонија, пред Собранието на Република Северна Македонија. Доколку судовите се пополнети со минималниот процент од 75% и не успеат да го совладаат приливот на предмети и не овозможат ажурност на судот, претседателот на судот да одговара дисциплински пред Судскиот совет, судскиот администратор пред претседателот на судот, а судските службеници дисциплински пред судскиот администратор.

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД)_за 2020, 2021, 2022 , 2023 и 2024 год.**

Секој месец се врши надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот. Увид во службени белешки заведени под
СУ.бр.307/20 од 03.11.2020 година
СУ.бр.04-162/21 од 01.06.2021 година
СУ.бр/04-72/22 од 01.04.2022 година
СУ.бр/04-251/23 од 03.07.2023 година
СУ.бр/04-387/24 од 01.10.2024 година

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Има записници, извршен увид во записници заведени под Су бр. 19-1/24 од 16.01.2024, Су бр.297-1/24 од 08.10.2024 година.

11. **Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД) увид во записници**

Секоја година редовно се одржуваат седници на судски оддели, увид во Су бр. 07/24 од 02.01.2024 година за граѓански оддел.

12. **Записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Секоја година редовно се одржуваат седници на судски оддели, увид во Су бр. 07/24 од 02.01.2024 година за граѓански оддел заедно со претседателот на судот.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**13. Достава на извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет**

Да, се донесува секоја година посебно Су бр.04-80/23 од 29.12.2023 година

**14. Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

Електронски, секој месец се доставуваат статистичките извештаи.
За старите предмети има донесено Акциски план заведен под Су бр. 21/24 од 16.01.2024 година.

**15. Подготвени извештаи на АС Гостивар за работата на пониските судови за 2020, 2021, 2022 , 2023 и 2024 година**

Увид во извештај заведен под Су бр.344-2-1/23 од 26.09.2023 година

**16. Надзор над работата на нотарите**

На состаноци со претседателите на основните судови, се информираат за работата на нотарите и се врши увид во записници од извршени надзори.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

**17. Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)**

Обуките на вработените ги извршува информатичарот, индивидуално по потреба кога има нови вработени или новитети во системот. Обуки за информатичарот нема или се многу ретки.

**18. Преглед на информатичката опрема со која располага судот**

Во поглед на информатичката опрема со која располага судот известени сме дека за сите постоечки вработени има персонален компјутер, меѓутоа немаат резерви во

случај на ново вработен. Исто така располагаат со мал број на принтери и повеќето се поврзани мрежно.
Информатичката опрема во судот е поприлично нова.

**19. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид**

Списоци на кориснички групи има СУ- 466-2/23 за 2023 – 11.07.2024 последна измена и СУ- 466/23 (29.12.2023) за тековната година. Списоците за минатите години од 2020 до 2024 се внесени во АКМИС.

**20. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)**

После извршениот увид, констатирано беше дека постојат внатрешни процедури за привилегии во работата со АКМИС системот.

**21. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)**

Извршен е увид како хартиено така и во АКМИС системот.
Во Апелациониот суд се организираат дежурства само за време на годишните одмори и истите се уредно внесени во АКМИС.

**22. Скенирање на влезни документи**

Се врши скенирање на влезни документи (поднесоци).

**23. Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Редовно се врши електронски прием од страна на судиите.

**24. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

За администратор на АКМИС е определена информатичарката во судот, автоматската распределба и прераспределба ја извршуваат уписничарите во писарниците на соодветната материја и се прави секој ден до 14 часот.

**25. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година (175 став 5 СД)**

Направен беше увид во АКМИС на следните одлуки по случаен избор за период од 2020 до 2024 година, кои беа дадени на увид во хартиена форма и беше констатирано дека истите се уредно внесени во АКМИС. Одлуки одбрани по случаен избор:
СУ-222/20 од 17.08.2020, СУ-238-1/21 од 03.08.2021, СУ-238/21 од 13.08.2021, СУ-240/21 од 16.08.2021, СУ-263-1/22 од 02.09.2022, СУ-173/22 од 16.06.2022, СУ-448-1/22 од 19.01.2024, СУ-324/23 од 15.08.2023, СУ-328-1/24 од 26.08.2024, СУ-223-1/24 од 26.08.2024

**26. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година**

Направен беше увид во хартиена форма и во АКМИС системот на одлуки избрани по случаен избор за изземање на судија (2020-2024). Констатирано беше дека сите одлуки за изземање на судија се уредно заведени во АКМИС системот. Одлуки одбрани по случаен избор:
СУИЗЗ -111/24 од 30.10.2024, СУИЗЗ - 55/24 од 23.04.2024, СУИЗЗ -124/23 од 05.12.2023, СУИЗЗ - 406/23 од 08.11.2023
СУИЗЗ -121/22 14.04.2022 и одлука за прераспределба СУ– 85/22 – прераспределба
СУИЗЗ -62/22 27.10.2022 и одлука за прераспределба СУ– 360/22 – прераспределба
СУИЗЗ - 17/21 03.03.2021 и одлука за прераспределба СУ– 51/21 – прераспределба
СУИЗЗ - 42/21 21.05.2021, СУИЗЗ -08/20 03.02.2020, СУИЗЗ - 71/20 18.09.2020

**27. Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година.**

Нема одлуки за рачна распределба.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

## 28. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)

Беше извршен увид во АКМИС за случајно одбрани предмети за период од 2020 - 2024 година:

- ПРКЖ-379/20, Поднесен, примен и заведен на ден 17.09.2020, примен од страна на судија на ден 21.09.2020, автоматски распределен истиот ден во 14:15.
- ГЖ- 1042/21, Поднесен, примен и заведен на ден 19.10.2021, примен од страна на судија на ден 19.10.2021, автоматски распределен истиот ден во 14:03 часот.
- РОЖ -122/22, Поднесен, примен и заведен на ден 10.02.2022, примен од страна на судија на ден 10.02.2022, автоматски распределен и повторно автоматски прераспределен.
- КЖ - 343/23 од 26.09.2023. Направена автоматска распределба на истиот предмет 6 пати во еден ден.

**Дадено образложение од судот:** Во врска со распределбата на предметот КЖ.бр.343/23, Ве известуваме дека претседателот на судот има донесено одлука Су.бр.135/23 од 10.05.2023 година, со која судијата Герасим Герасимоски се исклучува од прием на нови предмети. Сето тоа е поради големиот број на евидентирани нерешени предмети заведени под КЖ и ПРКЖ кај овој судија, за навремено решавање на истите, бидејќи судијата во октомври 2023 година ги исполнува условите за старосна пензија.
Судијата, во ваков случај се вклучува само кога има укинат предмет, за да можеме истиот да го споиме со претходниот предмет кој веќе бил завршен. Поради тоа, тој ден судија Герасим е вклучен за спојување на укинат предмет и уписничарот има направено неколку пати автоматска распределба, бидејќи не му било јасно како може предметот да падне кај овој судија знаејќи дека тој е исклучен од распределба. Значи, бидејќи судијата бил исклучен од прием на нови предмети, предметот КЖ.бр.343/23 е повторно пуштен на автоматска распределба.

- ГЖ-387/24 Поднесен и примен на ден 01.04.2024, заведен на ден 03.04.2024, примен од страна на судија на ден 03.04.2024, распределен со копче судија

**Дадено образложение од судот:** Во врска со предметот ГЖ-387/24, по увид во АКМИС системот не се работи за прекршување на процедурата при заведување на предмети. Имено, истиот бил заведен на 03.04.2024 година, споен со претходно

укинатиот предмет ГЖ-389/23, по што со копче судија му е доделен предметот на истиот судија кој претходно постапувал по предметот.
Согласно член 175 од Судскиот деловник кој гласи дека сите предмети кои повторно се заведуваат вклучително и укинатите се доделуваат на истиот судија кој работел по предметот.

- ГЖбр. 6/24 на 15.03.2024 година има 20 обиди за распределба преку копче судија

**Дадено образложение од судот:** Во врска со предметот ГЖ.бр.6/24, Ве известуваме дека истиот бил погрешно поврзан. Имено, по увидот во АКМИС системот констатирано е дека предметот ГЖ.бр.6/24 бил заведен на 10.01.2024 година, истиот бил споен со претходно укинатиот предмет ГЖ-1015/22 и со копче судија му бил доделен на судијата. Во повторен увид во списите од страна на уписничарот, забележано било дека предметот бил два пати укинат, односно во списите имало две наши одлуки, по што во ваков случај предметот се спојува со одлуката со понов датум, а тоа бил предметот ГЖ-528/23. По ова било избришано спојувањето и предметот ГЖ-6/24 повторно бил споен со ГЖ-528/23, но во полето Ист судија било одбрано НЕ, по што со копче судија бил доделен судија кој не работел по овој предмет, а согласно член 175 од Судскиот деловник кој гласи дека сите предмети кои повторно се заведуваат вклучително и укинатите се доделуваат на истиот судија кој работел по предметот. Поради тоа, бил избришан судијата се додека во полето судија не се појави судијата кој претходно постапувал по предметот.

ПРЕПОРАКА:
Доколку се случи грешка при автоматска распределба или прераспределба, секогаш задолжително да се состави службена белешка во која ќе се образложи детално причината за истата и која треба да биде заведена во АКМИС.
Судот да внимава на автоматска распределба која по правило се врши само еднаш дневно согласно Судскиот деловник и одлука на Судски совет, после 14 часот.

### 29. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)

Во моментот на надзорот 11:50 часот, не се евидентирани предмети кои чекаат за автоматска распределба. При пристигнување во судот бевме известени дека имало прекин на електрична енергија, поради што беше застаната работата на судот.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

30. **Уписници што се водат во хартиена форма**
   Нема уписници што се водат во хартиена форма.

31. **Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање**

Опремата за тонско снимање е надградена. Една судница е опремена со аудио опрема за тонско снимање и истата по надградбата се користи за снимање на јавни расправи.

32. **Електронска достава** не се врши во апелационите судови, туку во основните судови.

ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

33. **Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година (член 16 СД)**

Решение за формирање на работно тело увид во хартиена форма на Су бр.407/2019 од 11.11.2019 со измени Су 268/20 од 24.09.2020 и СУ 218/20 од 11.08.2020 година, Су бр. 360/21 од 29.12.2021 година, Су бр. 436/22 од 28.12.2022 година, СУ 464/23 од 28.12.2023 година

34. **Годишен план за управување со движењето на предметите за 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година по предлог на работното тело**

Редовно се донесуваат годишни планови и извршен увид во истите за контролираниот период од 2020 до 2024 година.
СУ.бр.5/2020 од 08.01.2020 година,
СУ.бр.2-1/21 од 05.01.2021 година
СУ.бр.11/22 од 10.01.2022 година
СУ.бр.11/23 од 11.01.2023 година
СУ.бр.16/24 од 12.01.2024 година


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**35. Внатрешни процедури се донесуваат и се објавуваат на веб страната на судот.**

Секоја година редовно се донесуваат и објавуваат на веб страницата на судот, увид во Су бр.438/22 од 30.12.2022 година, Су бр.361/21 од 31.12.2021 година.

**36. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Увид во Су бр. 01-10/24 од 10.10.2024 година

## ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**37. Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Јавноста за резултатите од работењето на судот се информира преку веб страната на судот, а секоја година има отворен ден за посета на судот.

**38. Огласна табла на судот**

Има огласна табла на влез во судот.
Видео дисплеите за истакнување распореди за судењата не се во функција.

**39. Простории за судии поротници и за адвокати - нема.**

**40. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2020,2021,2022, 2023 и 2024 година.**

Редовно се објавуваат на веб страната на судот.
Стручен соработник врши анонимизација. После извршената анонимизација на одлуките и после извршената синхронизација на податоците од АКМИС системот кон Врховен суд, се објавуваат на веб страната на судот.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

**41. Архива**

Архивата во судот е уредно средена по години во соодветни метални ормари обезбедени со клуч. Судот има интерна страница и електронски практикуми.

Увидот заврши на ден 01.11.2024 во 13:30 часот.



Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk